**20252084123**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 42 став (8) од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25), министерот за образование и наука, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЕВИДЕНЦИЈАТА НА УЧЕСНИЦИ КОИ ПРЕКУ ПРОЦЕСОТ НА ВАЛИДАЦИЈА СЕ СТЕКНАЛЕ СО СТРУЧНА КВАЛИФИКАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на евиденцијата на учесници кои преку процесот на валидација се стекнале со стручна квалификација.

Член 2

Евиденцијата на учесниците кои преку процесот на валидација се стекнале со стручна квалификација, опфаќа досие за учесникот.

Член 3

Досието за учесникот од член 2 од овој правилник, се води за секој учесник одделно.

Досието за учесникот од став 1 на овој член, се води на образец со димензии 21 см x 29,7 см.

Содржината на досието за учесникот од став 1 на овој член, е дадена во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 4

Во досието за учесникот од член 2 од овој правилник, во кое е извршен погрешен упис, може да се вршат исправки, така што со црвено мастило со тенка линија се прецртува податокот што се исправа и над него, со истото мастило се испишува исправениот податок, а исправката се заверува со печат и потпис на директорот на установата или институцијата.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 18-12808/1
3 октомври 2025 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Назив и седиште на установа за валидација, место

______________________________

Општина / град

број на главна книга/ред. бр. ________________

датум ________________

# ДОСИЕ ЗА УЧЕСНИКОТ

______________________________

Име и презиме

**I.ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА УЧЕСНИКОТ**

| | |
|---|---|
| **Датум на раѓање** | |
| **Пол** | ☐ Машки ☐ Женски |
| **Адреса на живеење** | |
| **Контакт телефон** | |
| **e-mail адреса** | |
| **Ниво на образование** | ☐основно<br>☐средно<br>☐високо<br>☐без завршено основно образование |
| **Работен статус** | ☐вработен<br>☐невработен<br>☐самовработен |

**II. ИНФОРМАЦИИ ЗА СТРУЧНА КВАЛИФИКАЦИЈА**

| | |
|---|---|
| **Назив на стручна квалификација** | |
| **Датум на проценка** | од: __________ до: ____________ |
| **Име и презиме на проценувачи**[1] | |
| **Место на реализација на проценка** | |
| **Финансиска поддршка** | ☐самофинансирање<br>☐поддржано од ______________________<br>______________________ |

[1] доколку има поголем број на проценувачи да се наведат сите

**ЕВИДЕНТЕН ЛИСТ ЗА КАНДИДАТОТ**

| Назив на стручна квалификација | Фази на валидација | Датум | Име и презиме и потпис на советник | Име и презиме и потпис на проценувач |
|---|---|---|---|---|
| | **Прва Фаза – Идентификација** | | | |
| | **Втора Фаза – Документација** | | | |
| | **Трета фаза – Проценка** | | | |
| | **Четврта фаза- Сертификација** | | | |

## ПРОЦЕНКА НА УЧЕСНИКОТ

| Коментари / Забелешки |
|---|
| Препораки за понатамошен развој: |

## СЛЕДЕЊЕ НА УЧЕСНИКОТ ПО СЕРТИФИКАЦИЈА

| Период на следење | Работен статус (Вработен/Невработен/Самовработен) | Работно место / Активност | Коментари |
|---|---|---|---|
| **3 месеци по СЕРТИФИКАЦИЈА** | | | |
| **6 месеци по СЕРТИФИКАЦИЈА** | | | |
| **12 месеци по СЕРТИФИКАЦИЈА** | | | |

**Потпис на одговорното лице**

______________________________
(Име и презиме, потпис)

______________________________
(позиција)

## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ И ПРИЛОЗИ ЗА ДОСИЕТО

| Документ / Прилог | Опис |
|---|---|
| **Пријава/ Формулар** | Назив на квалификација, Ниво на квалификација во НРК, Портфолио |
| **Документи потребни за валидација** | Лична карта или друг документ за идентификација (на увид), копија од диплома или сертификат за завршено образование заверена на нотар, документи кои се наведени во критериумите за влез во процес на валидација |
| **Договор за валидација** | Потпишан договор кој ги утврдува условите за учество во процес на валидација, како и обврските на учесникот и советник / проценувач |
| **Писмени задачи/тест** | Есеи, извештаи или други писмени задачи кои учесникот ги изработил за време на проценката |
| **Извештај од практична работа** | Извештај за извршените практични задачи или активности во рамки на проценката |
| **Проект/извештај од завршен испит** | Завршен проект кој учесникот го изработил како дел од проценката, при што се применуваат стекнатите знаења и вештини |
| **Копија од сертификат и додаток на сертификат за стручна квалификација** | Копија од сертификат и додаток на сертификат кој потврдува дека учесникот успешно ја завршил процес на валидација |